


FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

# МАКРОЕКОНОМСКИ МОНИТОР

Јуни 2024

13(1)

Во првиот квартал од 2024, **БДП се зголеми за 1.2%** на годишна основа, задржувајќи ја потиснатата економска динамика од 2023. Релативно воздржаната економска активност е резултат на две главни тенденции. Од една страна, **извозот** забележа релативно голем пад од 7.8%, подлабок од тој во 2023. Од друга страна, **приватната потрошувачка**, која сочинува доминантен дел од БДП, порасна за 2%, што претставува солиден раст кој го одразува високиот реален раст на **платите** (12.9%), иако под просекот од претходната година. Најголем раст во овој квартал забележуваат **бруто инвестициите** од 23.6%, што е значајно заздравување по негативните стапки во 2023, а резултат на инвестициите во машини и новата акумулација на залихи. На производната страна, растот во првиот квартал е целосно создаден од **услужниот сектор** (4.4%), додека **земјоделството** (-19.7%), **индустријата** (-1.2%) и **градежништвото** (-2.5%), сите забележаа значајни падови, поголеми од тие во претходниот квартал.

Воздржаноста на економската активност посебно се забележува кај движењата на пазарот на трудот. Во првиот квартал од 2024, **невработеноста** незначително се намали на 12.9% (од 13% во претходниот квартал). **Вработеноста** и **неактивноста** благо се намалија на 45.4% (од 45.5% во претходниот квартал), односно на 52.1% (од претходните 52.2%). Обесхрабрувањето во барањето работа и пасивизацијата на работната сила започнаа уште во текот на пандемијата и оваа тенденција опстојува до денес.

Во првиот квартал од 2024, **инфлацијата остана на нивото од претходниот квартал, 3.4% на годишна основа**. Спласнатите глобални притисоци кај храната и енергијата и се' уште замрзнатите цени на избрани прехранбени производи во дел од овој квартал, како и забавувањето на преносот на инфлациските притисоци врз поширокатa потрошувачка кошничка овозможија забавување на растот на цените уште кон крајот на 2023 година, но во овој квартал, притисокот не се намали понатамошно, во значаен дел поради преостанати варијации кај цените на храната.

Благи позитивни поместувања од сегашната воздржаност во економијата се очекуваат во втората половина од 2024 година. Изгледите во поглед на инфлацијата остануваат поволни, но зависат од се' уште присутни критични фактори. **Finance Think ги задржува претходните проекции за раст на БДП во 2024 од 2.7% и за раст на цените од 3.8%.**

## РАСТ И ИНФЛАЦИЈА










| Годишен раст, % | 3Q2023 | 4Q2023 | 1Q2024 |
|---|---|---|---|
| БДП ЕУ 27 | 0.1 | 0.2 | 0.4 |
| БДП Северна Македонија | 1.0 | 0.9 | 1.2 |
| **Годишен раст, %** | **3Q2023** | **4Q2023** | **1Q2024** |
| Вкупна инфлација | 7.8 | 3.4 | 3.4 |
| Базична инфлација | 6.9 | 6.0 | 4.9 |

## ПАЗАР НА ТРУД










| % | 3Q2023 | 4Q2023 | 1Q2024 |
|---|---|---|---|
| Стапка на активност (%) | 52.4 | 52.2 | 52.1 |
| Невработеност на млади (%) | 24.0 | 25.4 | 23.4 |
| Просечна нето плата (ден.) | 36,851 | 39,067 | 39,771 |
| Раст на продуктивност (%) | 6.5 | 0.9 | 3.3 |

## ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ










| Годишен раст | 3Q2023 | 4Q2023 | 1Q2024 |
|---|---|---|---|
| М2 | 6.1% | 6.1% | 6.1% |
| Депозити | 8.9% | 8.7% | 9.3% |
| Кредити | 5.1% | 3.3% | 5.4% |
| Девизни резерви | 3.9% | 17.5% | 3.1% |

## НАДВОРЕШНА СМЕТКА










| % од БДП | 3Q2023 | 4Q2023 | 1Q2024 |
|---|---|---|---|
| Трговско салдо | -9.4% | -15.6% | -15.7% |
| Приватни трансфери | 22.9% | 18.7% | 17.3% |
| Тековна сметка | 7.4% | -3.1% | -5.7% |
| Странски инвестиции | 2.2% | 6.1% | 8.9% |
| Девизни кред. / вкупни кред. | 35.2% | 34.7% | 34.5% |










## ЈАВНИ ФИНАНСИИ




*Во К1-2024 буџетскиот дефицит изнсува 7.3% од БДП и е двојно поголем од проекцијата за целата 2024 година од 3.6%.*










*Во К1-2024, пензискиот дефицит е значајно натреализиран (33.9%).*

*Во К1-2024 здравствениот дефицит е потреализиран (22.2%).*

*Во К1-2024, капиталните инвестиции се значајно потреализирани (15.5%).*

# ИНДУСТРИСКИ БЛИЦ

| | Индустриско производство | | | Работници во индустријата | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1-3Q/23 | 1-4Q/23 | **1Q/24** | 1-3Q/23 | 1-4Q/23 | **1Q/24** |
| Енергија | 10.2 | 6.0 | **(23.2)** | (5.2) | (4.3) | **4.4** |
| Интермедијарни производи, освен енергија | (6.0) | (5.9) | **0.4** | (2.6) | (2.9) | **(6.9)** |
| Капитални производи | 7.2 | 9.9 | **6.2** | 12.9 | 14.3 | **16.1** |
| Трајни производи за широка потрошувачка | (4.2) | (8.0) | **(1.7)** | (5.5) | (5.2) | **6.4** |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | 1.8 | 1.6 | **(7.1)** | (2.0) | (1.5) | **(3.0)** |
| | | | | | | |
| Производство на прехранбени производи | (4.4) | (1.0) | **0.6** | (2.3) | (2.1) | **(2.8)** |
| Производство на метали | (14.3) | (18.8) | **(12.7)** | (5.1) | (4.8) | **(7.0)** |
| Производство на облека | (7.8) | (9.3) | **(23.3)** | (5.0) | (5.7) | **(10.4)** |
| Производство на неметални минерални производи | (13.6) | (10.2) | **13.2** | (6.4) | (5.6) | **(7.7)** |
| Производство на тутунски производи | (0.5) | (3.4) | **(61.6)** | (4.1) | (3.2) | **(6.8)** |
| Производство на пијалаци | 11.7 | 8.0 | **9.2** | (2.6) | (0.4) | **15.8** |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | (5.5) | (1.6) | **10.7** | (2.2) | (1.3) | **4.0** |
| Производство на електрична опрема | (11.2) | (10.7) | **8.8** | 0.7 | (0.9) | **(9.8)** |
| Производство на фабрикувани метални производи | (1.6) | (3.1) | **(15.0)** | (3.0) | (2.9) | **(1.8)** |
| | | | | | | |
| Вкупно | 0.7 | 0.7 | **(3.1)** | 1.1 | 1.6 | **1.9** |

FINANCETHINK
OUT OF THE BOX

# ЗА FINANCE THINK

Finance Think е непрофитен институт за економски истражувања и политики. Основан е во 2012 година.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да го подобриме влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за демократските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Врз основа на статутот, Finance Think се стреми да постигне **три статутарни цели**. Тие се:

- Да придонесе кон подобрување на економските, социјалните и развојните политики и реформи преку продуцирање докази, базирани на истражување и водени од податоци.
- Да се зголеми ефектот од производите на Finance Think врз целните групи (вештини), донесувањето политики (политики и реформи) и општеството (свесност).
- Да се развие институционалниот капацитет на Finance Think, во смисла на истражување, застапување, финансирање и комуникација, со цел посилно влијание врз економските, социјалните и развојните реформи и врз ефектите што соодветните политики ги имаат врз граѓаните.

**Програмски области**

- Политики на раст и развој
- Фискална транспарентност и одговорност
- Конкурентност и пристапување кон ЕУ
- Сиромаштија, вработување и вештини
- Родови и доходни нееднаквости
- Општински финансии и политики
- Зелена економија

ОДГОВОРНОСТ

Copyright © 2024 од страна на Finance Think, Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, складира или внеси во систем за пребарување или да се пренесува во која било форма или со какви било средства (електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин), без претходна писмена дозвола од сопственикот на авторските права. Finance Think направи максимални напори да ја осигура точноста на информациите презентирани во овој документ. Меѓутоа, ниту Finance Think ниту кој било од неговите носители на одлуки или аналитичари или вработени може да биде одговорен за какви било финансиски последици кои произлегуваат од употребата на информациите претставени од овде.

**Finance Think**

Институт за економски истражувања и политики

Ул. Фредерик Шопен 1/2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

+389 2 6156 168, www.financethink.mk, info@financethink.mk